(Образец ПП___)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 07-09-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41 | 380/1 | | |

**До:**
**Општина Битола**
Адреса Бул. 1-ви Мај бр.61, Битола
Република Северна Македонија
(Имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**

, ул. , Битола
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Марија Саботиновска; ул. Широк сокак бр. 102, Битола. Тел: 075264584; email:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали Општина Битола има усвоено годишна програма за контрола на популацијата на бездомни животни на територија на општината?
2. Доколку има, бараме да ни биде доставена дигитална копија од истата на горенаведената електронска адреса, со датум на усвојување и датум на важност на програмата.

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола,**
**26.08.2021 година**

________________________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 год.
20.01.2022 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

**Одделение за јавни дејности**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
07-09-2021

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Год. | Прилог | Вредност |
| | | | |

**До** **Бр. 41-380/2**

**Александра Ангеловска** **07.09.2021**

**Соработник за животната средина**

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 41-380/1 за пристап до информации од јавен карактер од барателот

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примен
07.09.21

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 13-09-2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
41 | 380/3
1027

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Сл-31
13.09.2021 год.
Битола

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.41-380/2 од 07.09.2021 година, Ве информираме дека Програмата за решавање на проблемите со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола беше донесена од страна на Советот на Општина Битола, на Седница одржана на 22.05.2019 година со Заклучок бр, .08-415/30 28.05.2019 година Службен гласник бр.9.
Истата Ви ја испраќам во Прилог.

Со почит,

Изработил
Александра Ангеловска

РАКОВОДИТЕЛ

Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животната средина
______________________
Валентина Андријашевиќ Кривашија, диа

Предлагач:

Градоначалник на Општина Битола

Изработува:

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Претставници:

Љубо Атанасовски

Валентина А. Кривашија

# Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачје на Општина Битола

Разгледува : Комисија за заштита на човековата средина

Донесува : Совет на Општина Битола

Битола, Мај 2019

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со члeновите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита на благосостојбата на животните ( „ Службен весник на РМ „ бр. 149/14 ; 149/15 и 53/16 ) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

## 1.Вовед

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните кучиња скитници условите, организацијата и обемот на извршувањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

Поточно оваа програма подразбира заловување и масовна стерилизација / кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. После стерилизацијата / кастрацијата сите животни се вакцинирани, обележани ( ушна маркичка или чип ), фотографирани и регистрирани и истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат.

## 2. Основни цели на програмата

Главна цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Битола, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот. Ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање / прилив на нови кучиња на улица.

Програмата ќе се одвива во две фази кои се условени од расположлив простор, финансиски можности како и стручна подготвеност.

1. Првата фаза го опфаќа решавањето на проблемот со бездомните кучиња во периодот до изградба на регионален прифатен центар
2. Втората фаза е подготовка за решавање на проблемот со бездомните кучиња после изградбата на регионалниот прифатен центар

Во првата фаза од програмата Општина Битола ќе ја продолжи соработката со ЈП Комуналец и заедно ќе работат на отстранување на недостатоците во досегашното справување со проблемот на бездомните кучиња.

Втората фаза ќе се спроведува преку :

1. Спроведување на стратегија „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати„ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и

2. Комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамките на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашните миленици ( забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање ).

Спроведувањето и реализацијата на оваа фаза од програма е определба на општината за периодот што следува, но потребно е да се усогласи со моменталните можности со кои располага општината, пред се просторни и фнансиски.

Нејзиното имплементирање гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

## 3. Предмет на програмата

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во иднина за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња .

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња – скитници на територијата на Општина Битола подразбираат :

- заловување на животните
- нивен транспорт до стационарот
- прием и преглед од овластен ветеринар
- лабараториско испитување на животните на одредени болести
- идентификација и водење евиденција
- оварнохистеректомија и орхиектомија
- постоперативно сместување, лекување и нега
- вакцинација и дехелментација
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени – еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат .

Основни принципи

Комуналната редарска служба ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред.

Воедно е неопходно да се извршат измени и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Битола („Сл.гласник на Општина Битола„ бр.10/05) членовите 90 и 91 да се надополнат со кои ќе се уреди:

- Обврска за идентификација и регистрација на домашните миленици,

- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под соодветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница и
- Предвидат санкции за напуштањето миленик

## 3.1 Заловување и транспорт

Изборот на персонал треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување.Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична хигиена, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамка и мрежа за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

## 3.2 Стационар и медицински третман

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомни кучиња, каде треба да подлежи на клинички преглед, хирушки зафат – стерилизација/ кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити . Неопходно е и секое животно да биде евидентирано / регистрирано во дата база на податоци, како и обележано ( со ушна маркица чипирање или пластифициран колан ) на начин на кој нема да му претставува болка или траума.

Општина Битола заедно со Центарот за развој на пелагонискиот регион работи на проект за регионален прифатен центар за кучиња – скитници во соработка со УНДП. Во тек е изработка на физибилити студија.

## 4.Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнување на јавната свест е клучна за справување со проблемот на кучињата скитници. Општината е должна да обезбеди комуникација со граѓаните преку разни форми на комуникација да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомните кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата .

Лицата кои се грижат за напуштените животни се евидентираат во секторот за комунални дејности при Општина Битола. Евиденцијата треба да содржи податоци за овие лица ( име,матичен број,адреса на личната карта,општина, моментален престој адреса, телефонски број и email, име на здружение за заштита на животни (ако е член), како и информации за напуштените животни и нивна грижа (број на микрочипови кај кучињата и мачките, локациите каде што живеат).

## 5.Обем на активности

Се предвидува интензитетот на заловување на бездомните кучиња во Општина Битола да биде околу 20 кучиња месечно (250 годишно),согласно капацитетот на сместување во постоечкиот пункт во Зоолошката градина Битола.

## 6. Изведувач на програмата

Годишната програма ќе ја реализира Општина Битола во соработка со ЛП Комуналец кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон .

## 7.Финансирање на програмата

Предвидените средства во иднина ќе се користат за реализација на програмата и тоа за да се реконструира и осовремени посоечкиот простор во Зоолошката градина за сместување до изградба на Регионалниот прифатен центар .

Цените за заловување на бездомните животни и престој во пунктот ќе се утврдат со посебни ценовници, одобрени од Советот на Општина Битола .

Цените за ветеринарниот третман предвидени со оваа Програма се дефинираат од најповолен понудувач, избран со јавна набавка.

Издвоените средства ќе бидат наменети исклучиво за осовременување на постоечкиот пункт во Зоолошката градина и постоперативниот третман стерилизација-вакцинација-кастрација на кучињата скитници.

## 8. Реализација на програмата

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период за 2019 година .

## 9. Завршни одредби

- Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола;
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Доносител :

Совет на Општина Битола

Битола

Мај 2019

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-380/4
13.09.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот со број 41-380/1 од 26.08.2021, евидентирано на 07.09.2021 за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од
јавен карактер
Цветанка Ристевска